Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2023 година**

**Скопје, април 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и вторатаседница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 5 април 2023 година**

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство,како и Дрита Абдиу Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фатмир Меџити, министер за здравство.

*
*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за доставување на Акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 година и Акциските фишеа за секторските оперативни програми за периодот 2024-2027 до Европската комисија

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 2-Слободно движење на работници од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

  - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 6-Право на трговски друштва од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски

  - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 4-Слободно движење на капитал од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

1. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (на ЈЗУ Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје)

2. Извештај во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт, со Извештај од одржан состанок во Државниот завод за ревизија и прилози

3. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текст на договор

4. Информација за оправданоста на Барањето за вработувања во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

5. Информација за „Обнова на софтверски лиценци и сервиси“

6. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за магистрален гасовод-делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево (од км 0+000 до км 110+793,20), КО Брњарци, КО Сингелиќ, КО Инџиково вон град, КО Маџари, КО Горно Лисиче вон град, КО Драчево 2, КО Усје, КО Шишево, КО Сопиште вон град, КО Ласкарци и КО Паничари-Општина Скопје, КО Добарци вон град, КО Теново вон град, КО Стенче, КО Стримница вон град, КО Брвеница вон град, КО Тетово вон град, КО Мерово, КО Горна Лешница и КО Челопек вон град Општина Тетово, КО Милетино, КО Форино и КО Балин Дол-Општина Гостивар, со Предлог-одлука

7. Информацијаза давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јован Станојковиќ ул.„Борис Кидрич“ бр.6/13, Ресен, со Предлог-одлука

8. Информација за изработка на основен проект и изградба на пат и сообраќајно решение за обезбедување на приклучок кон планираната регионална депонија во Општина Новаци

9. Информацијасо предлог за изнаоѓање на решение за обезбедување превоз на Комисијата за категоризација на угостителските објекти

10. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

11. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.12-7529/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и угостителство Алекс-3 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

12. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр.13-7592/1 од 31.7.2018 година и Анекс на Договорот бр.11-8059/1 од 15.10.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за преработка, производство, трговија и услуги Бабам фуд увоз-извоз ДООЕЛ Битола

13. Информација за Сто осумдесет и третата седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД, закажана за 6 април 2023 година, со прилози

14.Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-собирен кварц на Друштвото за производство, трговија и услуги Виана компани ДООЕЛ увоз-извоз Чашка на локалитетот „Ќерестески Колиби“, Општина Чашка

15. Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Чашка

16. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со Протоколите од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувањата од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година

17. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Y и Z против Република Северна Македонија А.бр. 53742/21, со прилози

18. Информација за 13 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз -извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), со можни финансиски импликации по Буџетот на Република Северна Македонија и за можноста за нивно спогодбено решавање, со прилог

19. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/252 на Советот од 4 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за

дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/250 на Советот од 4 февруари 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

20. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/193 на Советот од 30 јануари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/192 на Советот од 30 јануари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

21. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/159 на Советот од 23 јануари 2023 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/156 на Советот од 23 јануари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.101/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Тунис

22. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/153 на Советот од 23 јануари 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/152 на Советот од 23 јануари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

23. Информација за Планот за спроведување за Гаранција за млади 2023-2026 година, со План за спроведување на Гаранција за млади 2023-2026 година

24. Информација за преземање на постапката за реконструкција на објектот на ЈУ Универзална сала-Скопје

25. Информација за потребата од обезбедување финансиски средства за реализација на изложбата „Заедно“ за промоција на македонско-бугарските односи во Европскиот парламент (од 2 до 5 мај 2023 година)

26. Предлог-одлуказа давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за култура

27. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за заемно признавање на професионални квалификации за сестри, ветеринарни хирурзи, фармацевти и акушерки во контекст на Договорот за слободна трговска соработка на Централна Европа, со Нацрт-текст на Договор

28. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии(180 ЕКТС) по „Наука за земјиштето и хидрологија“ на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

29. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право“, на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

30. Информација за потребата од давање на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Растително производство“ на Земјоделски факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

31. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија“ на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

32. Информација за потребата од давање на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фитомедицина- Заштита на растенија“ на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

33. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

34. Информација за потребата од давање на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Класична филологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, со Предлог-решение

35. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Информациски системи и менаџмент“ на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа, со Предлог-решение

36. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2023 година на Факултетот за исламски науки-Скопје

37. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2023 година

38. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (таблети)

39. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (таблети)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани(таблети)

41. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (таблети)

42. Барање за давање на автентично толкување на член 17-в и член 29-б од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република

Македонија“ бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18), поднесено од градоначалникот на Општина Врапчиште

43. Барање за давање на автентично толкување на член 25-а од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 67/22), поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова

44. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (I фаза)

45. Иницијатива поднесена од Зоран Стојановски, адвокат од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22)

46. Иницијативаод Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 128 став (4) од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08)

47. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1357 за КО Злокуќани, КП бр.353, викано место/улица „Бучало“

48. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53143 за КО Визбегово, на КП бр.1400/8, викaноместо/улица „Визбегово“

49. Понуда од нотар Сихана ЗибериШабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53141, за КО Визбегово, на КП бр.1400/6, викано место/улица „Визбегово“

50. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53575, за КО Визбегово, на КП бр.1400/5, викано место/улица „Визбегово“

51. Понуда од нотар Станка Горичан од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1411 и Имотен лист бр.1733 заКО Долно Лакочереј-вонград, на КП бр.1219/8, КП бр.485, КП бр.486/1 и КП бр.497/2, викано место/улица „Габавци“

52. Понуда од нотар Радица Хаџи Петрушева Арсовска од Велес, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1179 за КО Чашка-вонград, на КП бр.839

53. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотенлист бр.5032 за КО Сингелиќ-1, на КП бр.2674, викано место/улица „Трајко Китанчев“

54.Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр. 1334/2022, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101255, за КО Мислешево

55. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.62/2021, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3

56. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 7 април 2023 година, доставено под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка

57.Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, врз основа на член 166 од Законот за извршување и Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 5 април2023 година, под И.бр.792/22

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2023 година

61. Извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2022 година

62. Извештај за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2022 година

63. Информација за склучување на Договор за грант со Европската банка за обнова и развој за техничка соработка за надградба на АТМ системот во Република Северна Македонија за консултантски услуги утврдени во рамки на Договорот за заем склучен на 29.7.2022 година со Европската банка за обнова и развој-ЕБОР, Оперативен број 53184 („М-НАВ“ А.Д.-Скопје бр.02-1044/1 од 29.7.2022 година)

64. Информацијаза престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Белланџ ДОО увоз-извоз Кравари-Битола, со Предлог-одлука

65. Информација во врска со поднесено Барање од Друштвото за производство на електрична енергија Фортис енергетика фотонапонски централи ДООЕЛ Скопје, за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект, со Предлог-одлука

66. Извештај за завршени преговори за потпишување на договор за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Договор
67. Информација за потребата од изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука

68. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол“, Општина Македонска Каменица

69. Информација за поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ и потребата за ангажирање на експерти за потребите на арбитражната постапка

70. Информација за отпочната постапка за формирање на Одбор за разрешување на спорови-ДАБ за проектот -„Изградба на Автопатот Кичево-Охрид“

71. Информација во врска со примена на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

72. Информација за статусот на усогласувањетона Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808

73. Информација за формирање на работна група за разгледување на можностите за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје

74. Предлог -одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанување и за давање на користење на дел од недвижна ствар

*

*      *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Информација за доставување на Акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 година и Акциските фишеа за секторските оперативни програми за периодот 2024-2027 до Европската комисија

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 година и Акциските фишеа за секторските оперативни програми за периодот 2024-2027 година до Европската комисија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за здравство во износ од 2.160.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.
2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за зајакната безбедност во износ од 200.000 евра во наредните три години, почнувајќи од 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да го обезбедат националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за фундаментални права во износ од 600.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги исполни предусловите за спроведување на Акцискиот документ за фундаментални права, кои се однесуваат на обезбедување на соодветен персонал во релевантните сектори во Министерството за образование и наука одговорни за стипендии, инфраструктура и набавки, воспоставување на соодветен систем за сметководство, набавки и известување за

спроведување на проекти во согласност со правилата на Европска Унија, најдоцна до крајот на 2024 година.

5. Се задолжува Центарот за управување со кризи да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за реформи за отпорност во износ од 150.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.

6. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за економска кохезија, во износ од 265.000 евра распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.

7. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за економска кохезија во износ од 35.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.

8. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за економска кохезија во износ од 20.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.

9.Агенцијата за храна и ветеринарство да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ Европска Унија за економска кохезија во износ од 250.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2024 година.

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

    - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 2-Слободно движење на работници од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 2-Слободно движење на работници од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата до Европската комисија, најдоцна до 14 април 2023 година.

    - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 6-Право на трговски друштва од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 6-Право на трговски друштва од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата до Европската комисија, најдоцна до 14.4.2023 година.

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 4-Слободно движење на капитал од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 4-Слободно движење на капитал од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави Листата на склучени билатерални договори за заштита на инвестициите и Листата на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи до Европската комисија, најдоцна до 14.4.2023 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (на ЈЗУ Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје).

**Точка 2**

Владата го разгледа Извештајот во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт, со Извештај од одржан состанок во Државниот завод за ревизија и прилози и му препорача на Државниот завод за ревизија во текот на следењето на реализацијата на препораките од ревизијата да потврди дали е постапено по наодите и препораките на овластениот државен ревизор, согласно Акцискиот план подготвен од Агенцијата за млади и спорт.

**Точка 3**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текст на договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани

информации, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да достави извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за оправданоста на Барањето за вработувања во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.
Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за „Обнова на софтверски лиценци и сервиси“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2023, 2024 и 2025 година на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за набавка на софтверски лиценци и сервиси во вкупна вредност од 1.500.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 370.000.000,00 денари во 2023 година,
- 630.000.000,00 денари во 2024 година и
- 500.000.000,00 денари во 2025 година.

Потребните средства за реализација на плаќањето во 2023 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, во рамките на Раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, Програма 3-Информатичка поддршка на Владата, Потпрограма 30-Информатичка поддршка на Владата.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, Програма 3-Информатичка поддршка на Владата, Потпрограма 30 - Информатичка поддршка на Владата, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за магистрален гасовод-делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево (од км 0+000 до км 110+793,20), КО Брњарци, КО Сингелиќ, КО Инџиково вон град, КО Маџари, КО Горно Лисиче вон град, КО Драчево 2, КО Усје, КО Шишево, КО Сопиште вон град, КО Ласкарци и КО Паничари-Општина Скопје, КО Добарци вон град, КО Теново вон град, КО Стенче, КО Стримница вон град, КО Брвеница вон град, КО Тетово вон град, КО Мерово, КО Горна Лешница и КО Челопек вон град Општина Тетово, КО Милетино, КО

Форино и КО Балин Дол-Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за магистрален гасовод-делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево (од км 0+000 до км 110+793,20), КО Брњарци, КО Сингелиќ, КО Инџиково вон град, КО Маџари, КО Горно Лисиче вон град, КО Драчево 2, КО Усје, КО Шишево, КО Сопиште вон град, КО Ласкарци и КО Паничари-Општина Скопје, КО Добарци вон град, КО Теново вон град, КО Стенче, КО Стримница вон град, КО Брвеница вон град, КО Тетово вон град, КО Мерово, КО Горна Лешница и КО Челопек вон град Општина Тетово, КО Милетино, КО Форино и КО Балин Дол-Општина Гостивар.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јован Станојковиќ ул.Борис Кидрич бр.6/13, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на основен проект и изградба на пат и сообраќајно решение за обезбедување на приклучок кон планираната регионална депонија во Општина Новаци, ја усвои Информацијата и го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта да започне постапка за изработка на основен проект и изградба на пат и сообраќајно решение за обезбедување на приклучок кон планираната регионална депонија во Општина Новаци, кој треба да биде спојсо Р1101 (кај с. Оризари)-с.Карамани-с.Трн-спој со Р1311 (РЕК Битола и рудник Суводол).

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за изнаоѓање на решение за обезбедување превоз на Комисијата за категоризација на угостителските објекти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна четири дена пред предложениот датум за превоз на Комисијата за категоризација на угостителските објекти да го извести Министерството за економија дали ќе обезбеди возило за потребите на истата, а доколку не, да предложи датум на кој ќе одговори позитивно, односно ќе обезбеди возило за превоз на Комисијата од 13 членови на бараната релација.

2. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна седум дена пред датумот на обезбедување на возило за превоз на Комисијата за категоризација на угостителските објекти да достави писмено барање до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на

концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот„с.Ореовец“, Општина Прилеп.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 12-7529/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и угостителство Алекс-3 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции до Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и угостителство Алекс-3 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани да испрати писмено известување со барање за плаќање на договорна казна во износ од 2.819.132,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7592/1 од 31.7.2018 година и Анекс на Договорот бр.11-8059/1 од 15.10.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за преработка, производство, трговија и услуги Бабам фуд увоз-извоз ДООЕЛ Битола, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до Друштвото за преработка, производство, трговија и услуги Бабам фуд увоз-извоз ДООЕЛ Битола да испрати писмено известување со барање за плаќање на договорна казна во износ од 383.534,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Сто осумдесет и третата седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД, закажана за 6 април 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 2, да биде ЗА Набавка и инсталирање на рутери (switches) во вентилски станици и терминали на Вардакс.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 3, да биде ПРОТИВ Одобрување на банкарски трансфер во вкупен износ од 84.000 евра до банкарската сметка на подружницата на Друштвото (Vardax Branch Office) во Скопје.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-собирен кварц на Друштвото за производство, трговија и услуги Виана компани ДООЕЛ увоз-извоз Чашка на локалитетот „Ќерестески Колиби“, Општина Чашка.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Чашка.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со Протоколите од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувањата од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Игор Попов, директор во Министерството за надворешни работи, Велибор Топаловски, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Y и Z против Република Северна Македонија А.бр. 53742/21, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува владиниот агент на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Y и Z против Република Северна Македонија А.бр. 53742/21.

2.Се овластува владиниот агент на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантите од предметот Y и Z против Република Северна Македонија А.бр. 53742/21 ќе им исплати вкупен износ од 7.930 евра, во денарска противвредност.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за 13 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз -извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), со можни финансиски импликации по Буџетот на Република Северна Македонија и за можноста за нивно спогодбено решавање, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за

пријателско решавање на предметите за АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), да ја разгледа можноста и евентуалните услови за спогодување со апликантите, по потреба и да оствари средба со апликантите, односно нивните правни застапници и за тоа повратно преку Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да ја извести Владата најдоцна до 15 мај 2023 година или во разумен рок пред истекот на рокот за произнесување на државата во однос на спогодбено решавање на предметите доколку истиот биде пролонгиран на барање на државата.

2. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, најдоцна до средината на мај 2023 година да подготви и до Владата да достави согледувања на состојбите во однос на примената на одредбите од Законот за извршување, во делот на определување на минимум средства на кои не е дозволено извршување на правните субјекти основани од државата, со предлози за правни и по потреба други решенија за надминување на состојбите, како и акциски план за нивна имплементација.

## Точка 19

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/252 на Советот од 4 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/250 на Советот од 4 февруари 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина.

## Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/193 на Советот од 30 јануари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/192 на Советот од 30 јануари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

## Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/159 на Советот од 23 јануари 2023 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/156 на Советот од 23 јануари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 101/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Тунис.

## Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/153 на Советот од 23 јануари 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/152 на Советот од 23 јануари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за Планот за спроведување за Гаранција за млади 2023-2026 година, со План за спроведување на Гаранција за млади 2023-2026 година, ја усвои Информацијата и го прифати Планот за спроведување на Гаранција за млади 2023-2026 година.

## Точка 24

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за преземање на постапката за реконструкција на објектот на ЈУ Универзална сала-Скопје.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување финансиски средства за реализација на изложбата „Заедно“ за промоција на македонско-бугарските односи во Европскиот парламент (од 2 до 5 мај 2023 година), ја усвои Информацијата и заклучи потребните финансиски средства за реализација на изложбата Министерството за култура да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за култура.

## Точка 27

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за заемно признавање на професионални квалификации за сестри, ветеринарни хирурзи, фармацевти и акушерки во контекст на Договорот за слободна трговска соработка на Централна Европа, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договор за заемно признавање на професионални квалификации за сестри, ветеринарни хирурзи, фармацевти и акушерки во контекст на Договорот за слободна трговска соработка на Централна Европа, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжуваат шефот и членот на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договор за заемно признавање на професионални квалификации за сестри, ветеринарни хирурзи,

фармацевти и акушерки во контекст на Договорот за слободна трговска соработка на Централна Европа.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за земјиштето и хидрологија“ на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за земјиштето и хидрологија“ на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право“, на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право“, на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Растително производство“ на Земјоделски факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Растително производство“ на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија“ на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија“, на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фитомедицина- Заштита

на растенија“ на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фитомедицина-Заштита на растенија“, на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фитомедицина-Заштита на растенија“, на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Класична филологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Класична филологија“ на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студиипо „Информациски системи и менаџмент“ на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Информациски системи и менаџмент“, на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2023 година на Факултетот за исламски науки-Скопје.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2023 година.

**Точка 38**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на ООУ „Илинден“, Крива Паланка).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на ООУ „Јоаким Крчовски“, Крива Паланка).

**Точка 39**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Кузман Шапкарев“, Општина Кисела Вода, Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Рајко Жинзифов“-Кисела Вода, Скопје).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, с. Драчево-Скопје).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Партенија Зографски“, Кисела Вода-Скопје).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“, Кисела Вода Скопје).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, Скопје).

**Точка 40**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани (за потребите на ООУ „Манчу Матак“, с.Кривогаштани, Кривогаштани).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани (за потребите на ООУ „Јонче Смугрески“, с.Обршани Кривогаштани).

**Точка 41**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Димитар Влахов“, Штип).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Ванчо Прке“, Штип).
3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Штип).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Тошо Арсов“, п.о. Штип).

## Точка 42

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 17-в и член 29-б од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18), поднесено од градоначалникот на Општина Врапчиште и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Барањето за автентично толкување смета дека актуелниот член 17-в и 29-б од горенаведениот закон се нејасни од аспект на тоа дали во истите при пресметката на коефициентот за пресметување на платата на градоначалникот и надоместокот за учество на седници на советот на општината, под зборот „население“ се подразбира резидентно или нерезидентно население, бидејќи разликите во бројот на резидентното и нерезидентното население во општините, доведуваат до разлики во платата на градоначалникот и надоместоците за присуство на седници на членовите на советот на општината.

Членот 17-в од наведениот закон предвидува дека коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините и за градоначалникот на Град Скопје изнесува од 2,70 до 3,70. Притоа, коефициентите се определуваат според бројот на жителите и тоа:

- за градоначалник на општина до 10.000 жители, коефициент 2,70;
- за градоначалник на општина од 10.001 до 25.000 жители коефициент 2,90;
- за градоначалник на општина од 25.001 до 50.000 жители, коефициент 3,20 и
- градоначалник на општина со над 50.000 жители коефициент 3,40.

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот на Град Скопје изнесува 3,70, а градоначалниците кои функцијата ја вршат волонтерски, имаат право на надоместок на плата во висина од 30% од износот добиен со примена на коефициентот за градоначалник на определена општина. Притоа, правата утврдени со Законот им припаѓаат на градоначалниците од денот на нивниот избор до крајот на месецот во кој им престанал мандатот, ако со овој закон не е поинаку определено.

Понатаму, со членот 29-б се уредува дека месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од:

- 40% во општини до 10.000 жители,
- 50% во општини од 10.001 до 25.000 жители,
- 60% во општини од 25.001 до 50.000 жители,
- 70% во општини над 50.001 жител и
- 100% во Градот Скопје.

Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општината и буџетот на Градот Скопје.

Текстот на Законот, особено во спорните членови, го употребува поимот „жители“, кој по дефиниција претставува лица што се постојано населени во некое место, град, држава и сл.

Дополнително, членот 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), уредувајќи го жителството на општината, предвидува дека граѓаните на Република Македонија, кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на општината, се жители на општината. Оттука, ирелевантна е разликата помеѓу резидентно и нерезидентно население, бидејќи Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, воопшто не ги споменува истите. Во оваа смисла, разликата не е ниту потребна при пресметката на платата на градоначалникот и надоместокот за присуство на седници на советот на општината.

Врз основа на наведеното, се смета дека членовите 17-в и 29-б од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18) се јасни и прецизни и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 43

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 25-а од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 67/22), поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова и притоа го утврди следново мислење:

Пренос на дозволи или решенија од еден превозник на друг е дефиниран во член 25-а став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај кој гласи:

„Пренос на дозволи или решенија од еден превозник на друг е дозволен само во случај кога новиот превозник е правен следбеник на превозникот кој престанал да постои, доколку постои раздвојување на имотот на превозникот на два или повеќе нови превозници, согласно со спогодбата за раздвојување заверена на нотар или согласно со решение на надлежен суд или врз основа на купопродажен договор меѓу двајцата превозници за промена на сопственоста на превозникот или друг правен акт од кој ќе се утврди промената на сопственоста на превозникот.“, додека пак пренос на дозвола од еден превозник на друг превозник е дефиниран во член 25-а став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај кој гласи: „Пренос на дозвола од еден превозник на друг превозник е дозволен спогодбено само еднаш во текот на важењето на дозволата која е предмет на преносот и само за периодот на важноста на дозволата.“

Согласно горенаведното, евидентно е дека во член 25-а, став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај е овозможено пренос на дозвола или решение за одобрен возен

ред од еден превозник на друг превозник доколку превозниците ги исполнуваат наведените услови, додека пак врз основа на член 25-а, став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај е овозможено да се врши пренос на дозвола, но не и на решение за одобрен возен ред, доколку превозниците ги исполнуваат условите за пренос на дозволата. Врз основа на овој став преносот на дозвола е овозможен да се врши само еднаш во текот на важење на дозволата и на новиот превозник се издава дозвола со иста важност на дозволата која е предмет на преносот.

Решението за одобрен возен ред е управен акт со кој се одобрува возниот ред на превозникот, додека пак дозвола е документ кој ги содржи сите потребни елементи од линискиот превоз како што се почетна, попатна и крајна станица, време на поаѓање, време на враќање, важност на дозволата, назив на правното лице кое го врши превозот, како и заверен возен ред во прилог на дозволата.

Превозникот при вршење на линиски превоз на патници еден од документите кој е потребно е да ги поседува во возилото е дозвола за вршење на линиски превоз на патници со валидна важност како и заверен возен ред.

Согласно член 29 од Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2018) се додаде нов став 2 кој е независен од став 1, со кој се овозможува пренос на дозвола од еден превозник на друг превозник без да се исполнат условите од став 1 од наведениот член.

Оваа промена е наменета за одредени случаи кога линијата за која превозникот поседува важечка дозвола, не е заинтересиран за понатамошно одржување на автобуската линија, да се овозможи дозволата да биде пренесена на друг заинтересиран превозник кој ги исполнува условите. На овој начин одржувањето на автобуската линија би имало континуитет и граѓаните не би имале никаква пречка во патувањето помеѓу населените места.

Врз основа на горенаведеното евидентно е дека пренос на дозволи од еден превозник на друг превозник е дозволено да се прави доколку превозниците го исполнат условот од член 25-а, став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај без исполнување на условот од став 1 од истиот член.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (I фаза) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Законот за енергетика Регулаторната комисија донесува статут со којшто се уредуваат прашања поврзани со нејзиното внатрешно уредување, како и начинот на работа и одлучување, во согласност со овој закон и друг закон. Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на статутот на Регулаторната комисија за енергетика.

Со предложената Статутарна одлука се врши усогласување на Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со последните изменувања и дополнувања на Законот за енергетика објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22 со кои на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и се доделува нова надлежност согласно Законот за управување со отпадот, односно

надлежност за определување на тарифата за утврдување на цената на услугата за управување со комунален отпад, како и други надлежности поврзани со новото ЕУ законодавство од областа на енергетиката.

Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење имајќи предвид дека со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се врши усогласување со измените на Законот за енергетика.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Зоран Стојановски, адвокат од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата е наведено дека Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22) е противуставен, односно истиот е спротивен со член 8 став 1 алинеја 3, член 51, член 52 , член 20 и член 16 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со Законот за здруженија и фондации се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

Со измените и дополнувањата на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22) се забранува упис на организација и основање на организација ако називот, името, скратеното име, програмата, целите, дејностите и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна, верска омраза или друга нетрпеливост, нетолернација, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка, поттикнување и одобрување на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот Рајх, преземање на активности поврзани со тероризам, преземање на активности кои се спротивни на Уставот или на законот и преземање на активности со кои се повредуваат слободите и правата на други лица.

Со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации се предвидува формирање на Комисија за употреба на имиња која е потребно да даде позитивно мислење до Министерството за правда кога во барањето за одобрување за користење на име е содржано име на историска и друга позната личност.

Имено, со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации ќе се надминат недостатоците кои произлегуваат од недоволно јасните и прецизните одредби и ќе се спречи повторувањето на досегашните примери за регистрација на здруженија кои предизвикуваат несогласување меѓу граѓаните со што ќе се обезбеди правна заштита на уставниот поредок.

Врз основа на изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22), односно да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации.

## Точка 46

Владата ја разгледа Иницијативата од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 128 став (4) од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката, одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и-одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Во членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно членот 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од два месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од пет години од денот на неговото преземање.

Согласно член 128 став (4) од Законот за вонпрарнична постапка, против решението на судот со кое решението на нотарот во целост или делумно е укинато, дозволена е жалба во рок од осум дена од доставувањето на првостепеното решение.

Според подносителот на Иницијативата со посочената одредба од Законот се манипулира со имотите на граѓаните со цел неосновано богатење, бидејќи воопшто не им се гарантира сопственоста и наследувањето на граѓаните и дека во конкретниот случај нотарите погрешно ја применувале оспорената одредба од Законот, поради што граѓаните биле оштетени.

Имено, во поднесената Иницијатива не се наведени и причините заради кои е констатирана несогласност на одредбата од член 128 став (4) од Законот за вонпарнична постапка, со Уставот на Република Северна Македонија, туку подносителот се повикува на погрешна примена на Законот, што истото не подразбира дека оспорената одредба е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, се укажува дека одредбата од член 128 став (4) од Законот за вонпарнична постапка не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 128 став (4) од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1357 за КО Злокуќани, КП бр.353, викано место/улица „Бучало“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53143 за КО Визбегово, на КП бр.1400/8, викано место/улица „Визбегово“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53141, за КО Визбегово, на КП бр.1400/6, викано место/улица „Визбегово“ и по истата го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53575, за КО Визбегово, наКП бр.1400/5, викано место/улица „Визбегово“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Станка Горичан од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1411 и Имотен лист бр.1733 за КО Долно Лакочереј-вонград, на КП бр.1219/8, КП бр.485, КП бр.486/1 и КП бр.497/2, викано место/улица „Габавци“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на

Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Радица Хаџи Петрушева Арсовска од Велес, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1179 за КО Чашка-вонград на КП бр.839 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5032 за КО Сингелиќ-1, на КП бр.2674, викано место/улица „Трајко Китанчев“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владатаго разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр. 1334/2022, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101255, за КО Мислешево и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.62/2021, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3 за наредната седница на Владата, поради потребата по предметниот материјал мислење да достави Управата за заштита на културното наследство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 56**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 7 април 2023 година, доставено под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка и по истото го усвои негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 57**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, врз основа на член 166 од Законот за извршување и Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 5 април 2023 година, под И.бр.792/22.

**Точка 58**

**1.** Владата му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија од должноста член на Советот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија-претставник на основачот да го разреши Илир Шабани.

1.1. Владата му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за член на Советот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија да го именува Рушан Хода, претставник од Министерството за економија.

**2.** Владата го разреши Беким Хаџиу од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

2.1. Владата го именува Џеваир Камбери за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, на предлог на министерот за економија.

**3.** Владата ги разреши од должноста членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество:

а) од редот на вработените во органите на државната управа
-Сашо Секуловски и
- Елизабета Тодорова;

б) од редот на здруженијата и фондациите
- Фани Каранфилова Панова, на нејзино барање.

3.1. Владата ги назначи за членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на вработените во органите на државната управа:

- Дијана Соколовска од Министерство за животна средина и просторно планирање и
- Сузана Арсова Костадинова, од Министерство за економија.

**4.** Владата го разреши Александар Миљовски од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, на негово барање.

**5.** Владата го именува Александар Бузлевски за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

**6.** Владата го разреши Синиша Вељановски од должноста член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, поради истек на мандат.

6.1. Владата ја именува Љупка Цикарска за член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, за период од две години.

**7.** Владата го разреши Душко Симов од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, на негово барање

7.1. Владата ја именува Сања Арсовска за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа -Делчево.

**8.** Владата го определи Митко Гаџовски за претставник од Владата на Република Северна Македонија во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Република Северна Македонија.

**9.** Владата ја разреши Розита Благојевиќ од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

**10.** Владата го именува Драган Угреновиќ за директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 59

**1.** Владата по Предлогот на закон за вештачење (*), утврден на Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 ноември 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определува м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 23 март 2023 година до 29 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по Барањето за изменување на Заклучок по точка 50 од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март2023 година, донесен по Информацијата за имплементација на Проектот за унапредување на социјалните услуги и за потребата од дополнителни средства, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Проектот за унапредување на социјалните услуги и за потребата од дополнителни средства, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да го има предвид Барањето од Министерството за труд и социјална политика за обезбедување на дополнителни средства за Проектот за унапредување на социјалните услуги, при подготовка на новата Рамка за партнерство на Република Северна Македонија, која ќе го опфати периодот 2024-2028 година.“.

**4.** Владата го определи д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, за координатор за следење на работите и координација на сите активности поврзани со реализација назапочнатите проекти за изградба на патните правци Скопје-Блаце, Кичево-Букојчани, железницата Кичево-Лин, Коридорот 8 и заедничките гранични контроли со Република Албанија и Република Косово, имајќи ја предвид важноста од навремената реализација на истите.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 23 март 2023 година до 29 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од точка 1 од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 29 март 2023 година, донесен по Информацијата за лошата финансиска состојба на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и потребата од еднократна финансиска помош и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„- Се задолжува Министерството за транспорт и врски од сопствен буџет за 2023 година, програма Д-Економски развој, потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура да обезбеди финансиска помош во износ од 50.000.000 денари за Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.“.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 март 2023 година до 29 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**9.** Владата го разгледа Завршниот извештај за искористените средства добиени како финансиска поддршка од Владата за проектот „Денови на Свети Сава“-Одбележување на националниот ден на Србите во Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

По овој повод, Владата заклучи сите институции кои добиле средства, а сеуште не доставиле извештај, истиот да го достават до Владата.

Исто така, Владата заклучи во иднина да не се одобруваат средства на институции кои претходно не ја исполниле обврската за навремено доставување на извештај за искористени средства.

**10.** Владата го разгледа Барањето согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на канцелариски и училишен мебел, доставено од Средното училиште на Град Скопје „Никола Карев “- Скопје и даде согласност на Барањето, согласно позитивното Мислењето на Министерството за образование и наука.

**11.** Владата по повод укажувањето од Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, го задолжи м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Владата во однос на можноста за изменување и дополнување на постојната или пак, донесување на нова одлука за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан, во која ќе бидат опфатени сите категории на лица на кои им следува надоместок, како и да биде утврдена висината на износите за секоја категорија поединечно, имајќи ја превид важечката Одлука за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22).

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националната комисија за учебници за 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се препорачува на Националната комисија за учебници да ги разгледа сугестиите и ставовите и да ги има предвид забелешките наведени во Мислењето на Министерството за образование и наука.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за грант со Европската банка за обнова и развој за техничка соработка за надградба на АТМ системот во Република Северна Македонија за консултантски услуги утврдени во рамки на Договорот за заем, склучен на 29.7.2022 година со Европската банка за обнова и развој-ЕБОР, Оперативен број 53184 („М-НАВ“ А.Д.-Скопје бр.02-1044/1 од 29.7.2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Белланџ ДОО увоз-извоз Кравари-Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Белланџ ДОО увоз-извоз Кравари-Битола.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање од Друштвото за производство на електрична енергија Фортис енергетика фотонапонски централи

ДООЕЛ Скопје, за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект фотонапонска електроцентрала на Друштвото за производство на електрична енергија Фортис енергетика фотонапонски централи ДООЕЛ Скопје, со заклучок предлагачот текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за потпишување на договор за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција.

2. Се определува д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река , со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол“, Општина Македонска Каменица за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го достави усогласениот текст на материјалот, како и по истиот мислење да достави Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ и потребата за ангажирање на експерти за потребите на арбитражната постапка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да побара мислење од Бирото за јавни набавки во однос на тоа дали постојат правни ограничувања за ангажирање на експерти за потребите на арбитражната постапка, во рамки на склучениот договор со меѓународната адвоктска куќа „Three Crowns“ која се јавува како застапник во арбитражната постапка по Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ .

2. Се задолжува Министерството за финансии веднаш да ја извести меѓународната адвоктска куќа „Three Crowns“ која се јавува како застапник во арбитражната постапка по Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ дека се прифаќа барањето за ангажирање на предложените експерти за потребите на арбитражната постапка, односно: Delay expert (експерт за проценка на доцнење), David Halford, Quantum expert (експерт за количини), Daniel Miles (Aquila Forensics) и Technical expert (технички експерт), Steve Wilson како и нивно вклучување во одбраната во арбитражната постапка, а по претходно добиено мислење од страна на Бирото за јавни набавки во однос на тоа дали постојат правни ограничувања за ангажирање на експерти за потребите на арбитражната постапка.

**Точка 70**

Поради превид при заклучувањето, а во однос на некомплетни податоци во предлог-заклучоците по Информацијата за отпочната постапка за формирање на Одборот за разрешување на спорови-ДАБ за проектот-„Изградба на Автопат Кичево-Охрид“, истата повторно беше разгледана на Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11 април 2023 година, точка 27.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со примена на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кое е основач на друштвата, односно Управниот одбор на АД ЕСМ согласно Изјавата за основање, да издаде согласност за обезбедени средства за вработување во сопствените основани друштва, особено имајќи предвид дека во член 20 од Законот за извршување на Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година, изречно не е наведено дека друштва основани од Акционерски друштва во државна сопственост кои се основани од Република Северна Македонија, треба да бараат согласност за обезбедени средства за вработување во овие друштва од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по завршената постапка согласно Законот за работни односи, да ги пријави во редовен работен однос од 1.3.2023 година, сите вработени во Молика ДООЕЛ Битола, согласно објавениот Оглас од 23.2.2023 година, донесената Одлука за избор бр.02-41/1 од 28.2.2023 година и доставените договори за вработување, како и сите други вработени во друштвата основани од АД ЕСМ, по спроведена постапка за вработување согласно Законот за работни односи и издадена согласност од основачот, АД ЕСМ-Скопје.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на усогласувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за разгледување на можностите за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна

Македонија“ во државна сопственост-Скопје и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријат за законодавство):

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а се препорачува на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, во рок од пет дена, до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинација на член и заменик-член на работна група за разгледување на можностите за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од седум дена да формира работна група за разгледување на можностите за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна еден месец од формирањето на работната група за разгледување на можностите за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје да изработи предлог законски измени и да ги достави до Владата на Република Северна Македонија на утврдување.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанување и за давање на користење на дел од недвижна ствар.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | dr. Artan Grubi |